# Реформа во фармацијата
# Подобрување на преминот од болница дома



Комонвелтот и Викторија работат заедно за подобрување на начинот на кој пациентите ги добиваат лековите преку пренесување на Pharmaceutical Benefits Scheme (PBS) во државните болници.

Оваа промена е направена за да им се овозможи побезбедно и полесно снабдување со лекови на пациентите во сите државни болници во моментот кога тие им се потребни.

**Стариот систем**
Порано, на повеќето пациенти отпуштени од државните болници им се даваа лекови за два до седум дена. Потоа, тие требаа да појдат кај нивниот лекар во рок од два до седум дена за да добијат повеќе лекови по PBS.

**Новиот систем**
Според новиот систем ќе можете ги добиете потребните лекови за еден месец при отпуштањето од болница или при посетата на државната болница заради лекување без лежење в болница.

**Подобрување на грижата за вас**
Негативните реакции од лековите се чести причини за заболување и повторен прием в болница. Понекогаш, лековите кои ги добивате од болницата може да изгледаат различни од истите купени од локалната аптека. Поставувајќи ги болниците под истиот фармацеутски режим како и PBS би требало да има помалку недоразбирања и помали можности за несреќни случаи со предозирање.

Како дел од овие реформи, болниците ќе донесат стратегии како би осигурале пациентите да ги напуштаат болниците со подобро разбирање за лековите кои ги примаат. Список со лековите кои пациентот ги прима ќе биде, исто така, испратен до нивниот лекар пред нивната наредна посета. Тоа значи дека вашиот лекар ќе ги има најновите информации за вашето болничко лекување и лековите, со што ќе се подобри целокупната грижа за вас.

**Избор и расположивост**
Новиот систем е за вас позгоден зашто не ќе морате веднаш да го посетите вашиот лекар само за да добиете дополнителна рецепта за лекови. Така, ќе имате доволно лекови и ќе можете да појдете на лекар кога вам најмногу ви одговара.

Пред напуштањето на болницата ќе ви биде дадена рецепта. Лековите ќе можете да ги подигнете во болничката аптека или во најблиската до вас аптека. Така, ако тоа е позгодно за вас, и вашиот лекар во болницата се согласува ќе можете да ги подигнете потребните лекови после отпуштањето од болницата.

Износот кој ќе го платите за лековите во болницата ќе биде истиот како и во најблиската до вас аптека, износ кој е значително дотиран од сојузната влада.

**Pharmaceutical Benefits Scheme**
Повеќето од лековите кои лекарите ги препишуваат се на списокот на PBS. Повеќето од нив чинат многу повеќе отколку цената која вие ја плаќате – некои и стотина долари – меѓутоа државата ги дотира, што значи вие плаќате многу помалку. Ако имате картичка издадена од Centrelink, од Department of Veterans Affairs (DVA) или од Safety Net вам ви следува дополнителен попуст од владата.

# Реформа во фармацијата
# Подобрување на преминот од болница дома

**Кога ќе ги добиете лековите при отпуштањето од болница или како пациент без лежење в болница ќе треба да ја покажете здравствената картичка (Medicare card) или веќе да сте го дале бројот на истата при приемот в болница како би докажале дека ви следува попуст според PBS. За понатамошен попуст ќе ви треба Centrelink картичка, Veteran's Repatriation Health картичка или картичка на Safety Net.**

**Општи пациенти:** Општите пациенти плаќаат до $28.60 од чинењето на секој лек под PBS. Сојузната влада го плаќа остатокот.

**Имателите на картички за попуст:** Имателите на картички за попуст плаќаат $4.60 за секој лек под PBS.

**Safety Net**
Ако вие или вашето семејство имате потреба од многу лекови во една календарска година, Safety Net може да ви помогне финансиски. Во аптека ќе добиете формулар во кој ќе ги наведете потребните лекови. Кога вие или вашето семејство ќе го достигнете нивото на Safety Net ќе можете да побарате картичка на Safety Net. Тогаш лековите под PBS ќе ви бидат уште поевтини или бесплатни до крајот на годината.

Семејството може да се состои од:

- Партнер или де факто партнер
- Деца за кои се грижите под 16 години
- Редовни студенти за кои вие се грижите до 25 годишна возраст.

**Здружен Safety Net:** Државните болници имаат посебен аранжман кој им дозволува да додаваат лекови кои не потпаѓаат под PBS во вашата Safety Net картичка до износ од $28.60 ако сте општ пациент, или $4.60 ако имате картичка за попуст. Оваа можност е достапна само ако лековите ви се дадени в болница.

**Општи пациенти:** Кога вие или вашето семејство ќе платите $874.90 за лекови под PBS (и лекови кои не се под PBS во болничката аптека) во текот на календарската година ви следуваат лекови под PBS по $4.60 до крајот на календарската година.

**Иматели на картички за попуст:** Кога вие или вашето семејство потрошите $239.20 на лекови под PBS (и лекови кои не се под PBS од болничката аптека) во текот на календарската година ви следуваат бесплатни лекови под PBS до крајот на календарската година.

За да добиете Safety Net картичка за попуст ќе треба да ја покажете вашата Medicare картичка во аптеката. Ако треба да купите повеќе лекови откако ќе го достигнете лимитот на Safety Net, а сеуште ја немате добиено картичката ќе можете да барате повраќај од службата на Medicare.

**За повеќе информации за PBS и Safety Net, јавете ни се.**
**Бесплатен повик: 1800 020 613**
**TTY: 1800 552 152** (линија за глуви)
**TIS: 131 450** (Преведувачка служба)
**Електронска пошта:** pbs.enq@hic.gov.au
**Интернет:** www.hic.gov.au

**За повеќе информации за реформата во фармацијата во Викторија посетете ја нашата интернет страна на www.health.vic.gov.au/pbsreform или јавете ни се на телефон 9616 8673.**